**20242664623**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Врз основа на член 66 став (6) од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 294/21), а во врска со Насоките за известување за нарушување на безбедноста на личните податоци според Регулативата 2016/679 (WP250 rev.01) од Работната група 29 за заштита на личните податоци при Европската Унија, директорот на Агенцијата за заштита на личните податоци донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НАРУШУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Член 1

Во Правилникот за начинот на известување за нарушување на безбедноста на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20) во членот 5 став (2) по алинејата 5 се додава нова алинеја 6 која гласи:

„- број и датум на извештајот од спроведеното форензичко испитување, односно вештачење и резултатите од спроведеното испитување, односно вештачење.“

Алинеите 6, 7 и 8 стануваат алинеи 7, 8 и 9.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-1322/1
23 декември 2024 година
Скопје

Директор,
**Имер Алиу,** с.р.